replek

# Известување за почеток на преговори за ексклузивни права за маркетинг и дистрибуција

РЕПЛЕК АД Скопје известува дека на 29.01.2024, по интензивни и обемни преговори, пристапи кон достава на Писмо на намери кон г-дин Дејан Николовски, ДЕМАКС НОВА ИНТ. ДООЕЛ Скопје и ДЕМАКС НОВА ДОО РС, и истото е потврдено и потпишано од сите засегнати страни. Со тоа е постигнато официјално отпочнување на преговорите за превземање на ексклузивните права за маркетинг и дистрибуција на производите на HealthAid Limited UK од Велика Британија, за целиот регион.

**Клучни детали за преговорите:**

1. **Преговори за ексклузивни права:** РЕПЛЕК АД Скопје отпочнува преговори за стекнување на ексклузивни права за маркетинг и дистрибуција на производите на HealthAid Limited UK (Велика Британија).

2. **Територијална покриеност:** Ексклузивните права што се предмет на преговорите ги опфаќаат териториите на Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Словенија и Црна Гора.

3. **Обврска за ексклузивност:** Како дел од преговорите, г-дин Дејан Николовски, ДЕМАКС НОВА ИНТ. ДООЕЛ Скопје и ДЕМАКС НОВА ДОО РС се обврзуваат на ексклузивност и непреговарање со други страни за слични права во одредениот период предвиден во Писмото на намери.

Со ова известување, РЕПЛЕК АД Скопје ја истакнува својата посветеност кон зголемување на својата пазарна позиција и стратегија на долгорочен раст и развој, и добросостојба во регионот.